**ЗАПИСНИК**
**од 13-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 26.02.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фидановски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Зоран Јаневски од ТВ Сител.

Г-дин Петрушевски ја отвори 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во однос на предложениот дневен ред објасни дека под Точката 3 ќе се разгледува еден предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола на радиодифузер од Куманово. Под Точката Разно има предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозвола на три радиодифузери кои членовите на Советот ги имаат во материјалите и непосредно пред седницата добиле материјал за уплата на ТРД Радио Дрини од Струга. Информира дека овој радиодифузер ќе биде ставен како четврта потточка бидејќи го уплатил целиот надоместок, ги средил финансиските проблеми и за него се предлага да се запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Советот на Агенцијата со предложените дополнувања едногласно со 7 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог-записник од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.02.2018 година.
2. Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година.
3. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола на радиодифузер.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.02.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година. Објасни дека вкупните остварени приходи на Агенцијата во 2017-та година изнесуваат 111.650.677,00 денари. Овие приходи се остварени од следните извори: Приходи од наплата на радиодифузна такса во износ 42.268.113,00 денари. Нагласи дека 12 милиони денари од овој износ не се од радиодифузна такса туку се средства кои што беа префрлени од МИОА за месеците октомври, ноември и декември а остатокот се од радиодифузна такса која што се наплаќаше до нејзиното укинување односно до 30 септември 2017 година. Информира и дека сеуште се добиваат заостанати уплати но сумите кои доаѓаат се драматично намалени. Потоа приход остварен од надоместок за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 57.360.228,00 денари, приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 8.165.238,00 денари, приходи од Буџетот на РМ, за исплатени финансиски средства за покривање на направените трошоци на Агенцијата во врска со изборните активности во 2017-та година во износ од 3.174.497,00 денари, приходи од камати, средства по видување и позитивни курсни разлики во износ од 4.811,00 денари и други приходи во износ од 677.790,00 денари. Ова се приходи кои се добиваат од Агенцијата за млади и спорт за фактурите кои им се издаваат за струја и затоа станува збор за други приходи. Вкупно направените расходи во 2017-та година изнесуваат 90.027.617,00 денари. Вкупните трошоци се претставени во образецот - Биланс на приходи и расходи кој е долг и наведен е во извештајот но рече дека ќе ги потенцира најголемите ставки за кои што Агенцијата има потрошено средства. Тоа е потрошена електрична енергија во која влегува и потрошувачката на чилерот и топлинска енергија во износ од 2.451.863,00 денари; за поштенски трошоци, за телефонски давачки во кои влегуваат мобилната и фиксната телефонија како и за други давачки за превозни услуги, се потрошени средства во износ од 1.250.557,00 денари, за наемнина за користење градежни објекти, односно средства наменети за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема на 8 различни локации во Република Македонија и за одржување на меѓународна регулаторна конференција за медиуми и свеченост се потрошени средства во износ од 1.116.784,00 денари; за отплата на кредит, камати за кредит и отплата на ануитети за земен кредит се потрошени средства во износ од 12.834.423,00 денари, за исплата на патни трошоци, дневници за службени патувања во земјата и странство се потрошени средства во износ од 1.474.407,00 денари, за надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата, за еден месечен надоместок за сите членови на Привремената комисија за медиумско претставување (исплатен во јануари

2017-та година), како и за надомест на трошоци за патување (превоз до работа и од работа) се потрошени средства во износ од 8.169.778,00 денари; за договорни услуги (договор на дело), ангажирање на привремени вработувања преку Агенција за привремени вработувања за време на изборна кампања, за ангажирање на едно лице домар, за ангажирање на едно лице возач, за ангажирање на биро за преведување и одржување на хигиената во деловните простории се потрошени средства во износ од 4.998.314,00 денари, за анализа на родовите прашања, за податоци од електронското мерење на гледаноста на ТВ програмите, за податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици и истражување на мислењето на публиката се потрошени средства во износ од 1.607.500,00 денари; за други расходи, односно за интернет дистрибутивниот систем на Централен регистар, за ревизорски услуги, за интернет конекција со хостирање на веб страницата на Агенцијата, за службени огласи, за исполнување на обврски кои произлегуваат од Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарство, за систематски прегледи, за доставување на сигнал за системот за мониторинг на медиумските содржини за потребите на Агенцијата (за опрема која се испорача согласно ИПА проектот 2011) и за други трошоци се потрошени средства во износ од 5.080.661,00 денари; за национално кофинансирање на ИПА проекти се потрошени средства во износ од 7.746.887,00 денари, за извршени набавки на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема – компјутери и за набавка на ИКТ средства, се потрошени средства во износ од 2.435.160,00 денари и за исплата на бруто плати на вработените во стручната служба, се потрошени средства во износ од 35.894.249,00 денари. Од наведеното се гледа дека вкупно реализираните приходи во 2017-та година, во однос на вкупно остварените расходи во 2017-та година, се поголеми за 21.623.060,00 денари или околу 350.000 евра. Сметководствената вредност на основните средства во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на крајот на 2017-та година изнесува 247.053.180,00 денари. По завршната сметка за 2017-та година има побарувања во износ од 1.504.474,00 денари. Тие се однесуваат на побарувања по основ на данок на додадена вредност во износ од 658.678,00 денари и износ од 845.796,00 денари кои се однесуваат за платени аконтации на данок на добивка но тие средства веќе се пребиени овој месец со плаќањето на ДДВ во однос на фактурите кои ги издава Советот за дозволите за радио и телевизиско емитување. Вкупните побарувања на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по основ на издадени фактури во минати години според завршната сметка за 2017-та година изнесуваат 23.536.123,00 денари. Нагласи дека тоа се средства од стари побарувања од пред повеќе од 5,6 или 7 години односно тоа се точки на дневен ред кога Советот дискутира за разни стечајни постапки за оние радиодифузери кои што повеќе од 5, 6 и 7 години не ги платиле фактурите од тогашниот Совет за радиодифузија. Вкупните обврски кои ги има Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кон доверители според Завршната сметка за 2017-та година изнесуваат 3.393.630,00 денари, но не станува збор за фактури кои што не се платени намерно туку не е доспеан рокот за исплата. Можеби во овој период кога е направена завршната сметка и за време кога се однесува завршната сметка дел од овие средства се платени и дел ќе бидат исплатени согласно роковите кои се предвидени во договорите и фактурите. За дополнителни информации го повика помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи Горан Радуновиќ и рече доколку има прашања спремни се одговорат.

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи Горан Радуновиќ објасни дека Годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година ги содржи следните обрасци: Биланс на состојба, Биланс на приходите и расходите, Белешка за распоредување на резултатот, Образец ДБ - Даночен биланс, Образец ДЕ - Посебни податоци за системот за државна евиденција и Образец СПД - Рекапитулар-структура на приходи по дејности. Процентуално вкупните приходи од дозволи за телевизиско и радио емитување е највисок и изнесува 51,37%. Во текот на 2017 година сите дозволи се наплатени освен за три радиодифузери за кои што Советот покрена постапка а пота им ја одзема дозволата заради неплаќање на надоместокот во роковите утврдени согласно Законот. Тоа се ТВ Арт, ТВ Интел од Струмица и едно локално Радио Пехчево. Приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање претставуваат 7,3% од вкупниот остварен приход. Сите надоместоци по оваа основа се наплатени во текот на 2017 година односно нема заостанат долг по оваа основа. Во однос на приходи од радиодифузна такса се 37,85%. Приходите од изборите изнесуваат 2,84% од вкупниот износ на приходи кои дел беа за исполнување на законските обврски направени за време на парламентарните избори во 2016 година бидејќи тие се одржаа во месец декември , 0,61% други приходи. Во вкупно остварените трошоци најголем трошок е исплата на бруто плати на вработените и изнесува 39,87, исплата на кредити 14,25%, национално кофинансирање од ИПА програмата 8,61%, надоместоци за трошоци на Советот и Привремената комисија за следење на медиумското претставување изнесуваат 9,07%. Во наредната 2018 година по завршната сметка ќе бидат пренесени средства во вкупен износ од 95.901.167,00 денари. Во табелата може да се забележи дека планираните и направените расходи се во рамките на предвиденото освен на едно место. Имено предвидени трошоци за електрична енергија, ставка 401000, е 2.000.000,00 денари а направени се 2.028.468,00 денари. Објасни дека во деловниот објект има само еден саат за читање и тоа е електричната енергија која ја потрошиле Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Агенцијата за млади и спорт. По овој основ 31,69% се нивни трошоци односно нешто повеќе од 600.000,00 денари.

Г-дин Фиданоски го поздрави домаќинското работење според она што го видел во материјалите и од она што детално било образложено од Директорот г-дин Трајчевски и од помошник раководителот Горан Радуновиќ. Во секоја ставка што била проектирана Агенцијата се однесувала подомаќински и потрошила помалку од планираните средства. Конечно тоа е и во вкупниот збир кога се ставила црта најдолу покажува 21.623.060,00 денари помалку од приходите што радува. Истакна уште еден момент за кој што рече дека е интересен за него, а тоа е дека пренесените средства за следната година горе доле ако се земе предвид опфатот сегашен и динамиката на обврски е практично авансирана и за цела една следна година може да се покријат потребните трошоци за работа на Агенцијата и тоа е секако за поздравување.

Г-дин Петрушевски рече дека само ќе го дополни г-дин Фиданоски. Навистина од година во година гледаат како Агенцијата стандардно работи домаќински, економично и е за пофалба. Иако ова не смее многу да ги олабави затоа што гледаат дека во текот на оваа година неколку пати имаше седници за започнување постапки за одземање на дозволи на радиодифузери. Неколку значајни радиодифузери се откажаа од дозволите.

Еден национален радиодифузер со износ за надоместок од три и пол милиони денари не уплати, ја повлече дозволата и нема да постои. Ова може да биде знак за едно мало намалување на приходите во 2018 година. Исто така во врска со предлозите за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги надлежен закон за Агенцијата, рече дека предвидува рапидно намалување на висината на надоместокот за дозволите на радиодифузерите. Тоа е голем процент и ако тоа се реализира исто така и тоа ќе биде дополнителен минус во приходите на Агенцијата. Така што сите овие пари што се кажуваат дека се вишок кои што се на некој начин заштедени, ќе бидат добредојдени во наредната години за да Агенцијата продолжи да функционира успешно. Уште еднаш им честита на Директорот и Стручната служба и на членовите на Советот за овие резултати.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-928/2 од 24.02.2018 година и едногласно донесе Одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година, со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, Годишната сметка на Агенцијата за 2017 година да ја достави до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар, а Образецот ДБ до Управата за јавни приходи, до крајот на месец февруари наредната година.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи Горан Радуновиќ го образложи предлогот за покренување на постапка за одземање на дозвола на радиодифузер. Објасни дека во законски предвидениот рок односно во 30-те дена од приемот на фактурата Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА кој емитува програма на локално ниво на подрачјето на Куманово не го плати надоместокот и од таа причина до Советот се предлага иницирање на постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека постапката е иста како и за другите медиуми претходно иако ова е постапка за покренување и има време за уплаќање и се надева дека медиумот ќе најде начин да ги обезбеди финансиите.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-94 од 26.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, бр.08-42 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја

исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-929/1 од 26.02.2018 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, бр.08-42 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон.

Г-дин Петрушевски посочи до Стручната служба уште денес да се информира медиумот дека постапката е започната и да го извести за точниот датум до кога може да ги уплати парите за да не го надмине рокот за ден два па потоа да им биде мака на сите.

**Точка 4**

**Разно**

Г-дин Петрушевски најави дека има 4 предлози за запирање на постапки и тоа за ТВ Едо од Сарај, ТВ Шутел од Скопје, РА Ват од Скопје и РА Дрини од Струга. Сите наведени медиуми нашле начин и во целост го уплатиле долгот за надоместокот. Последниот предлог РА Дрини го имаат во хартија тоа е уплатено пред седницата. Ако општо се дискутира за сите наведени медиуми рече дека ова го поздравуваат и им честитаат на медиумите што ќе продолжат со работа. Отвори општа дискусија за сите и потоа рече дека еден по еден медиум секој посебно ќе се стави на гласање.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-78 од 26.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, бр.08-14 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 998.509,00 (деветстотинидеведесетиосумилјадиипетстотиниидевет) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-77 од 26.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во

износ од 998.509,00 (деветстотинидеведесетиосумилјадиипетстотиниидевет) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-75 од 26.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, бр.08-69 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 240.956,00 (двестеичетириесетилјадиидеветстотинипедесетишест) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-80 од 26.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга, бр.08-124 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 32.875,00 денари (триесетидвеилјадииосумстотиниседумдесетипет) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски рече да се известат радиодифузерите и се надева дека следната година нема да дојдат во ваква состојба.

**Бр.** 02-926/8

02.03.**2018 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**

**аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**